# СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ПЛАТНИОТ СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ 2013-2017 ГОДИНА

**(усвоена на 21.седница на НСП, 26.03.2013г.)**

**Емилија Нацевска**
претседател
**на Националниот совет за платни системи**

**Народна банка на Република Македонија,**
**Скопје, 29 мај, 2013 година**

# Структура

- Вовед
- Визија, мисија и принципи
- Карактеристики на платниот систем
- Стратегиски насоки
- Натамошни активности

# ВОВЕД

- Краток осврт на развојот по големата реформа на платниот промет во земјата во 2001г., со којашто:

  - се изврши децентрализација на плаќањата и

  - се поставија современи и пазарно ориентирани системи за плаќање и клиринг и електронско порамнување
- Јануари 2001г. – на меѓународен план, Комитетот за платни системи (ЦПСС) објави основни стандарди за стабилност, сигурност и ефикасност на системски важните платни системи т.н. Базелски базични принципи
- Националните системи - делумно усогласени со меѓународните стандарди (правни, оперативни и финансиски ризици)
- Причини:

  - работата и надзорот над системите не беа опфатени со правната рамка

  - присилна наплата по гаранции и нестандардизирани судски решенија

# ВОВЕД

- Октомври 2004 г. – со Спогодба меѓу МФ, НБРМ и ЗБ е формиран Национален совет за платни системи (НСП), како консултативно и координативно тело (стандардизација на извршните судски решенија, укинување на гаранциите и др.)
- Август 2007 г. – НСП ја усвои првата национална Стратегија за развој на платниот систем на Република Македонија до 2011 година - www.nbrm.mk (надминување на слабостите во правната рамка и запознавање со стандардите и шемите на СЕПА)
- Август 2012г. - Извештај за реализација на Стратегијата за развој на платниот систем на РМ до 2011 година-www.nbrm.mk (активностите во најголем дел се реализирани)
- Стратегиските насоки за периодот 2013 – 2017 поаѓаат од:

  - потребите за натамошен развој на платната инфраструктура и унапредување на правната рамка

  - барањата за прием во ЕУ во областа на платните системи

# 1. ВИЗИЈА, МИСИЈА И ПРИНЦИПИ

## Визија

### за развојот до 2017

Модернизација и унапредување на работата на системите за плаќање, порамнување и клиринг преку примена на последните технолошки достигнувања и постепено усогласување со стандардите и правилата за работа во ЕУ

- поголема сигурност и ефикасност на плаќањата
- поголема прифатеност на безготовинските инструменти
- постепено исполнување на условите за интегрирање во СЕПА

# 1. ВИЗИЈА, МИСИЈА И ПРИНЦИПИ

## Мисија

Сигурен и ефикасен национален платен систем, усогласен со меѓународните и европските стандарди за работа и голема прифатеност на безготовинските инструменти

- поддршка на финансиската стабилност и економската активност во земјата и
- лесно и ефикасно интегрирање во СЕПА

# 1. ВИЗИЈА, МИСИЈА И ПРИНЦИПИ

## Принципи

- Остварувањето на визијата и мисијата налага **координиран пристап на активностите** на сите засегнати страни
- НСП – форум каде што ќе се разгледуваат, договараат и канализираат прашањата за националниот платен систем
- Цврсто да се почитуваат следните принципи:

- **Консултација** на институциите со сите релевантни субјекти преку НСП ⇒ мислења и препораки пред донесувањето на одлуките

- **Последователно планирање** на активностите и **континуитет** на проектите договорени на НСП ⇒ соодветни човечки и финансиски ресурси кај институциите

# 2. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПС

- **Анализа на начинот на извршување на плаќањата**

  **прво ниво** - плаќања на небанкарските субјекти без посредство на банките (во готовина) и со посредство на банките (безготовински) по видови инструменти (хартиени или електронски)

  **второ ниво** – меѓубанкарските бруто и нето-порамнувања и трансфер на средствата (втора фаза од банкарските безготовински плаќања)

- **Резултатите од анализата - основа за поставување на стратегиските насоки** (главните наоди се дадени пред секоја стратегиска насока)

# 3. СТРАТЕГИСКИ НАСОКИ

**Осум (8) стратегиски насоки:**

**3.1 Правна рамка** – усогласување со законодавството на ЕУ

**3.2 Платежна статистика** – унапредување на националната платежна статистика и усогласување со методологијата за платежна статистика на ЕЦБ

**3.3 Системи за плаќање, порамнување и клиринг на трансакциите во земјата** – анализа и постепена примена на меѓународните и европските стандарди и правила за работа

**3.4 Интерен платен систем за државните органи и институции (ТС и ЗТС)** - поголема функционална поврзаност со другите платни системи во земјата и вклучување на податоците во платежната статистика на земјата

# 3. СТРАТЕГИСКИ НАСОКИ

**3.5 Надворешни плаќања** – зголемување на ефикасноста преку постепено укинување на обврската на банките да известуваат за платните трансакции со странство за потребите на статистиката за билансот на плаќања

**3.6 Надзор над системите за плаќање и порамнување** - натамошно усогласување со меѓународната методологија и стандарди за работа на платните системи и системите за порамнување на хартии од вредност

**3.7 Зголемување на безготовинските плаќања**

**3.8 Јакнење на институционалните капацитети** – обезбедување техничка помош и стручно усовршување на вработените преку разни форми на меѓународна соработка и преку пристапните инструменти на ЕУ

# 3.1. Правна рамка

## Усогласување со законодавството на ЕУ

- **Постојана подготовка на институциите и јакнење на нивните капацитети** за вградување на европското во националното законодавство и негово спроведување и **зајакнување на националната правна рамка**.

- **Планирани активности**
  - ✓ Изработка на **Акциски план за постепено и координирано вградување на европското во националното законодавство**;
  - ✓ Формирање **мешовити работни групи** за проучување на законодавството на ЕУ и за изработка на предлози;
  - ✓ **Следење на меѓусебната усогласеност на одделните закони од националната регулатива**, како и на меѓусебната усогласеност на подзаконските акти на надлежните институции и доставување предлози за надминување на евентуалната неусогласеност.

- **Очекуван придонес** од одобрената техничка помош на ЕУ од ИПА
  - НБРМ (анализа на потребите за пристапување во ЕСЦБ - приоритети во доменот на платните системи и насоки за натамошно усогласување) и
  - МФРМ (вградување на Директивата за платежните услуги на внатрешниот пазар)

# 3.2. Платежна статистика

## Унапредување на националната платежна статистика и усогласување со методологијата за платежна статистика на ЕЦБ

- **Тековна состојба**
  - ✓ Национална платежна статистика – НБРМ од 2005 година
  - ✓ Во 2012 година е извршена споредбена анализа на националната платежна статистика со платежната статистика на ЕЦБ

- **Планирани активности:**
  - ✓ Изработка на **методологија**;
  - ✓ Изработка на подзаконска **регулатива**;
  - ✓ **Презентација** на новата рамка за платежна статистика;
  - ✓ Иницијатива за отпочнување со **анкетно прибирање информации од корисниците на платежните услуги**.

# 3.3 Системи за плаќање, порамнување и клиринг на трансакциите во земјата

## Постепена примена на меѓународните и европските стандарди и правила за работа

**3.3.1. Платни инструменти – ревизија на постојните и воведување нови платни инструменти врз основа на стандардите и правилата на СЕПА и поставување шеми за електронски плаќања**

**3.3.2. Системи за клиринг и порамнување – постепена примена на меѓународните и европските стандарди и правила за работа**

**3.3.3. Платежни картички и системи за клиринг и порамнување на трансакциите – консолидирање на состојбите во работењето со картички и постепено усогласување со стандардите и правилата на СЕПА**

# 3.3.1. Платни инструменти

## Ревизија на постојните и воведување нови врз основа на стандардите и правилата на СЕПА и поставување шеми за електронски плаќања

- **Тековна состојба**
  - ✓ ***Кредитните трансфери -*** најшироко употребуван безготовински платен инструмент, учество од 89% во 2012 година (69 % со хартиени налози);
  - ✓ ***Платежните картички -*** најмногу за подигање готовина од АТМ (79% од вредноста на трансакциите со картички);
  - ✓ ***Директните задолжувања*** - не се дефинирани со регулативата, ниту се поставени формално-правни облигациони шеми и договори за нивно прифаќање (РГ за директни задолжувања - предлог проект за воведување национална шема за директно задолжување врз основа на стандардите и правилата на СЕПА, активно поддржан од КИБС ад Скопје).
- **ЕУ Регулатива 260/2012** (март, 2012) за поставување технички и деловни барања за кредитните трансфери и директните задолжувања во евра – примена на меѓународните стандарди

# 3.3.1. Платни инструменти

## Ревизија на постојните и воведување нови врз основа на стандардите и правилата на СЕПА и поставување шеми за електронски плаќања

### Употреба на платните инструменти од небанкарските субјекти за 2012 година

**(во %)**




### Вредност на остварени трансакции со кредитни трансфери

**(во милијарди денари)**



# 3.3.1. Платни инструменти

## Ревизија на постојните и воведување нови врз основа на стандардите и правилата на СЕПА и поставување шеми за електронски плаќања

- **Планирани активности**
  - ✓ Ревизија на пропишаните платни инструменти и согледување на можноста за **поставување единствен платен инструмент за плаќањата со кредитни трансфери** од сметките на небанкарските субјекти кон приватниот и државниот сектор, врз основа на европското искуство и стандардите и правилата на СЕПА и Регулативата 260/2012;
  - ✓ Измени во подзаконската регулатива за платните инструменти во земјата што треба да овозможат **воведување инструмент за директно задолжување**, и негово поставување врз основа на европското искуство и стандардите и правилата на СЕПА и Регулативата 260/2012;
  - ✓ Изработка на **национална шема за електронски кредитни трансфери и директни задолжувања** за извршување на плаќањата во земјата, врз основа на европското искуство и стандардите и правилата на СЕПА.

# 3.3.2. Системи за клиринг и порамнување

## Постепена примена на меѓународните и европските стандарди и правила за работа

- **Тековна состојба**
  - ✓ Електронски клиринг и порамнување - од 2001година
  - ✓ Различни правила и стандарди кај одделните системи (МИПС, КИБС и интерните системи на банките)

- **ЕУ/260/2012 –** примена на меѓународните ИСО стандарди

- **Планирани активности**
  - ✓ Анализа на состојбите, можностите и трошоците кај банките и операторите на одделните системи за клиринг и порамнување за **единствена примена меѓународните стандарди**, што согласно со Регулативата 260/2012 се задолжителни за земјите-членки на ЕУ (ИСО 13616 за меѓународен идентификациски број на банкарска сметка - ИБАН, ИСО 9362 за банкарски идентификациски број - БИК и ИСО 20022 за универзални платни пораки на финансиската индустрија - УНИФИ);
  - ✓ Изработка на **усогласен временски план за постепена примена** на меѓународните стандарди, врз основа на извршената анализа.

# 3.3.2. Системи за клиринг и порамнување

## Постепена примена на меѓународните и европските стандарди и правила за работа

### Платен промет во денари во РМ

| | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вредност на реализиран платен промет (во милијарди денари)** | **1.585,24** | **1.915,06** | **2.604,80** | **3.236,80** | **2.887,35** | **3.231,75** | **3.589,82** | **4.298** |
| МИПС | 787,72 | 1.019,46 | 1.452,75 | 1.669,56 | 1.392,85 | 1.707,70 | 1.965,06 | 2.563 |
| КИБС | 135,77 | 147,9 | 166,8 | 199,82 | 217,06 | 223,11 | 239,13 | 255 |
| Интерен | 661,75 | 747,7 | 985,25 | 1.367,42 | 1.277,44 | 1.300,94 | 1.385,63 | 1.479 |
| **Број на налози** | **21.322.900** | **23.150.209** | **27.418.232** | **45.305.584** | **49.204.300** | **51.561.024** | **60.922.396** | **63.163.703** |
| МИПС | 2.818.345 | 2.453.169 | 2.831.339 | 4.906.672 | 4.718.965 | 4.676.957 | 5.045.886 | 4.930.849 |
| КИБС | 9.324.004 | 10.478.451 | 12.528.630 | 14.941.822 | 16.623.623 | 18.199.316 | 23.320.177 | 23.771.404 |
| Интерен | 9.180.551 | 10.218.589 | 12.058.263 | 25.457.090 | 27.861.712 | 28.684.751 | 32.556.333 | 34.461.450 |
| **Просечна вредност на налози (во денари)** | | | | | | | | |
| МИПС | 279.497 | 415.568 | 513.095 | 340.262 | 295.161 | 365.131 | 389.438 | 519.847 |
| КИБС | 14.562 | 14.115 | 13.314 | 13.373 | 13.057 | 12.259 | 10.254 | 10.721 |
| Интерен | 72.082 | 73.171 | 81.707 | 53.715 | 45.849 | 45.353 | 42.561 | 42.931 |

### Број на трансакции (%)



# 3.3.3. Платежни картички и системи за клиринг и порамнување на трансакциите

## Консолидирање на состојбите во работењето и постепено усогласување со стандардите и правилата на СЕПА

- **Тековна состојба**
  - ✓ Картично работење има во сите приватни деловни банки (14 банки издаваат меѓународни платежни картички, а 5 банки издаваат и домашни платежни картички);
  - ✓ За трансакциите со домашни картички, клирингот (креирање на нето-позиции за порамнување) го врши картичниот оператор „КаСис", а порамнувањето - МИПС;
  - ✓ За сите трансакции во земјата со меѓународни платежни картички, авторизацијата и клирингот се вршат надвор од земјата преку системите на „МастерКард ворлдвајд" и „Виза интернационал";
  - ✓ Сите трансакции со брендираните картички на „Виза интернационал" и „МастерКард ворлдвајд" во Република Македонија се порамнуваат во денари;
  - ✓ Користењето услуги од странските процесори за извршување на трансакциите за плаќањата во земјата со меѓународни платежни картички го поскапува работењето со платежни картички;

# 3.3.3. Платежни картички и системи за клиринг и порамнување на трансакциите

## Консолидирање на состојбите во работењето и постепено усогласување со стандардите и правилата на СЕПА

✓Нагорен тренд во бројот на картички (во 2012 за 3,6 пати поголем во однос на 2006)

✓Раст на вредноста на плаќањата преку ПОС, но се уште ниска (во 2012 за 6,9 пати поголема во однос на 2006)

✓Картичките и натаму најмногу се користат за подигање готовина од АТМ (79% од вредноста на трансакциите во 2012)

✓АТМ со функција за подигање готовина, но не и депонирање, а во последно време и трансфер на средства во рамките на иста банка

**Вредност на трансакции со платежни картички**
**(во милијарди денари)**



# 3.3.3. Платежни картички и системи за клиринг и порамнување на трансакциите

## Консолидирање на состојбите во работењето и постепено усогласување со стандардите и правилата на СЕПА

- **Планирани активности**

  ✓ **Сеопфатна анализа на трошоците за картичното работење** во државата со одделните видови странски брендови на платежни картички и согледување на потребата и економската оправданост од **поставување национален систем за обработка** (авторизација и клиринг) на трансакциите со овие платежни картички во денари;

  ✓ Изработка на **национална шема за плаќања со платежни картички во земјата**, врз основа на европското искуство и стандардите и правилата на СЕПА.

# 3.4 Интерен платен систем за државните органи и институции (ТС и ЗТС)

## Поголема функционална поврзаност со другите платни системи и вклучување на податоците во платежната статистика на земјата

- **Тековна состојба**
  - ✓ Целокупниот платен промет за потребите на буџетските корисници и јавните здравствени установи се одвива преку ТС (2001г.) и ЗТС (2010г.);
  - ✓ Употреба на различни платни инструменти за извршување на плаќањата во интерните системи на ТС и ЗТС од платните инструменти што ги користат другите економски субјекти во земјата (причина: потребата од подетални податоци и информации за следење на буџетите);
  - ✓ Сопствени стандарди и правила за извршување на платните трансакции;
  - ✓ Во статистичкиот информативен систем на земјата изостануваат податоците и информациите за платежните трансакции во ТС и ЗТС.

# 3.4 Интерен платен систем за државните органи и институции (ТС и ЗТС)

## Поголема функционална поврзаност со другите платни системи и вклучување на податоците во платежната статистика на земјата

- **Планирани активности**
  - ✓ **Ревизија на стандардите и правилата** за извршување на платните трансакции во ТС и ЗТС во насока на нивно усогласување со стандардите и правилата пропишани со Регулативата 260/2012;
  - ✓ **Модернизација на ТРИС и ЗИС** (софтверското решение, веб-базирани функционалности, електронско поврзување со буџетските корисници, електронско поднесување на барањата за плаќање итн);
  - ✓ **Рекласификација на сметките во рамките на ТС** и ново шифрирање на податоците во ТРИС;
  - ✓ Развивање на систем за **вклучување на податоците за платните трансакции во платежната статистика на земјата**.

# 3.5 Надворешни плаќања

## Зголемување на ефикасноста преку постепено укинување на обврската на банките да известуваат за потребите на статистиката за билансот на плаќања

- **Тековна состојба**
  - ✓ Плаќањата (трансакциите) меѓу резиденти и нерезиденти не се целосно слободни (Закон за девизно работење);
  - ✓ Банките вршат контрола пред извршувањето на плаќањата и известуваат за платните трансакции со странство (ИТРС) за потребите на платно-билансната статистика;
  - ✓ Платните налози, покрај неопходните елементи за извршување на меѓународните плаќања (преку СВИФТ), содржат дополнителни податоци и информации за потребите на националната регулатива;
  - ✓ Главно во хартиена форма и употреба на двојни налози за плаќањата во денари
- **ЕУ/260/2012 – со цел да се намалат трошоците за прекугранични плаќања, земјите-членки треба до 1.2.2016 да го укинат ИТРС**

# 3.5 Надворешни плаќања

## Зголемување на ефикасноста преку постепено укинување на обврската на банките да известуваат за потребите на статистиката за билансот на плаќања

- **Планирани активности**
  - ✓ Согледување на можностите за зголемување на ефикасноста на надворешните плаќања преку **анализа на потребните средства и капацитети за преминување од индиректен кон директен начин на прибирање податоци за составување на билансот на плаќања** на Република Македонија;
  - ✓ Изработка на **Акциски план за постепено намалување до целосното укинување на обврската на банките да известуваат** за потребите на статистиката на билансот на плаќања;
  - ✓ **Ревизија на пропишаните платни инструменти и нивно усогласување** со стандардите и правилата за кредитни трансфери на СЕПА и Регулативата (ЕК) 260/2012.

# 3.6. Надзор над системите за плаќање и порамнување

## Натамошно усогласување со меѓународната методологија и стандарди за работа на платните системи и на системите за порамнување хартии од вредност

- **Тековна состојба**

  - ✓ Примена на меѓународните стандарди за системски важните платни системи (2007г.);
  - ✓ На меѓународно ново (ЦПСС и ИОСКО, 2012г.) - нови обединети меѓународни стандарди за работа на системите за плаќање, клиринг и порамнување, на системите за порамнување хартии од вредност и на централните договорни страни т.н. „Principles for Financial Market Infrastructures".

# 3.6. Надзор над системите за плаќање и порамнување

## Натамошно усогласување со меѓународната методологија и стандарди за работа на платните системи и на системите за порамнување хартии од вредност

- **Планирани активности**

  - ✓ **Усогласување на националните со новите меѓународни стандарди** за работата на системите за плаќање, клиринг и порамнување;
  - ✓ **Примена на меѓународните стандарди во работењето на системите за порамнување со хартии од вредност**;
  - ✓ **Конзистентна примена на принципите на ЦПСС-ИОСКО**;
  - ✓ **Унапредување на соработката помеѓу НБРМ и КХВ** заради поголема координација на надзорните активности.

# 3.7. Зголемување на безготовинските плаќања

- **Тековна состојба**
  - ✓ Надолни трендови кај показателите за готовите пари и кај плаќањата во готовина по интензивните мерки во периодот 2007-2009 (трансакциски сметки, безготовинска исплата на платите и пензиите, кампањи за плаќање со картички и електронско банкарство и сл.);
  - ✓ Учеството на готовите пари во паричната маса М1 од 45% во декември 2006 година се сведе на 31% во февруари 2009 година (намалување за 14 п.п.);
  - ✓ Намалено учество на уплатата и исплатата на готови пари на/од банкарските сметки во вкупните платни трансакции за 7 п.п во 2012 година во однос на 2006 година;
  - ✓ Употребата на готовината е се уште голема – учество на готовите пари во М1 во 2012 од околу 30% (од 10% до 25% во развиените економии).

- **Искуства на земјите од ЕУ –** административните мерки за намалување на готовината не се ефикасни; активности за широка и ефикасна употреба на безготовинските инструменти; безготовинска наплата на јавните давачки и услуги и др.

# 3.7. Зголемување на безготовинските плаќања

## Учество на готовите пари во оптек во паричната маса М1 (во %)




## Уреди коишто прифаќаат платежни картички



# 3.7. Зголемување на безготовинските плаќања

- **Планирани активности**

  - ✓ Поголема употреба на платежните картички за плаќање давачки и јавни услуги преку **инсталирање ПОС-уреди кај што поголем број централни и локални државни органи, институции и јавни установи што вршат вакви услуги**;
  - ✓ **Проширување на можноста за плаќање преку мобилен телефон и интернет и на давачките кон државата и јавните услуги**;
  - ✓ Обезбедување **поголема територијална покриеност на државата со АТМ и ПОС-терминали**;
  - ✓ Зголемување на бројот на **АТМ-терминали со повеќе функции**.

# 3.8. Јакнење на институционалните капацитети

## Обезбедување техничка помош и стручно усовршување на вработените преку разни форми на меѓународна соработка и преку пристапните инструменти на ЕУ

- **Тековна состојба**
  - ✓ Техничка помош и обука за вработените (меѓународна и билатерална соработка - семинари, конференции и работилници; се позначајна ТА од ЕУ - ИПА, ТАИЕХ, и сл.)

- **Придобивки:** проширеното знаење и подигнатата свесност за меѓународните и европските стандарди за работа и за правилата на СЕПА, можноста за размена на искуства со претставниците од централните банки на земјите од регионот.

# 3.8. Јакнење на институционалните капацитети

## Обезбедување техничка помош и стручно усовршување на вработените преку разни форми на меѓународна соработка и преку пристапните инструменти на ЕУ

- **Планирани активности**
  - ✓ Продолжување на активностите за обезбедување **техничка помош и обука на вработените преку разни форми на меѓународна соработка** (семинари и конференции во организација на меѓународните институции, странските централни банки, билатерална техничка помош);
  - ✓ Засилување на активностите за техничка помош од ЕУ преку **поголемо користење на пристапните инструменти и фондовите** што се наменети за Република Македонија;
  - ✓ **Организација на домашни семинари, работилници, конференции** и слично, каде што ќе се пренесуваат и ќе се разменуваат теоретското знаење и практичното искуство на вработените.

# НАТАМОШНИ АКТИВНОСТИ

- **Изјава за прифаќање на стратегиската рамка** од главните носители на развојот на националниот платен систем и основачи на НСП: Министерството за финансии, Народната банка и Здружението на банкарството
- **Акциски план за практично извршување на активностите планирани со стратегиските насоки** (временска рамка и носители) – НСП на следна седница по претходно договарање и меѓусебно усогласување на институциите

# ВИ БЛАГОДАРАМ НА ВНИМАНИЕТО